

СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА СУДСКИОТ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2009 ГОДИНА

Судскиот совет на Република Македонија, согласно со член 64 од Законот за Судски совет, на седницата одржана на 25.03.2010 година, го разгледа и го усвои следниот:

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА СУДСКИОТ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2009 ГОДИНА

## Вовед

Судскиот совет на Република Македонија, согласно со член 64 од Законот за Судскиот совет на Република Македонија до Собранието на Република Македонија поднесува годишен извештај за неговата работа. Со уставните амандмани XXVIII и XXIX („Службен весник на РМ" бр.107 од 9.12.2005 година), Уставот на Република Македонија, Законот за судовите и посебно Законот за Судскиот совет на Република Македонија, Советот е дефиниран како самостоен и независен орган на судството, кој ја обезбедува и гарантира независноста и самостојноста на судската власт согласно со Уставот и законите. Вака дадената дефиниција прокламира дека Советот има статус на самостоен и независен орган на судството, значи орган со интегритет во вршењето на своите функции, со тоа што неговите членови уживаат имунитет за искажаното мислење или гласање. Исто така во остварувањето на своите надлежности е самостоен и независен од органите на законодавната и извршната власт или од која било институција, организација и партиски влијанија.

Втората димензија на самостоен и независен орган на судството се изразува во премисата дека тој орган не е надвор од уставно-правниот поредок и дека важат начелата на владеење на правото, заштитата на човековите права и слободи и поделбата на државната власт на судска, законодавна и извршна, но и како баланс на трите власти во државата.

Во текот на извештајната 2009 година, Судскиот совет одржа 24 седници, со исцрпни дневни редови. Согласно со содржината на дневниот ред на поголем број седници им претходеле работни состаноци. Одлуките на седниците Советот во најголем број случаи ги

носеше со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот. На одржаните седници, покрај одлуките за избор и разрешување на судии, судии поротници и претседатели на судови, одлуки по поведени постапки за утврдување одговорност на судиите, одлуки за одземање имунитет на судија и слично, од страна на Советот беа усвојувани и нормативните акти, како и други одлуки кои се од важност за непречено функционирање и остварување на надлежноста на Судскиот совет.

Согласно со член 64 став 3 од Законот за Судскиот совет на РМ, во Извештајот се содржани следните податоци:


1. БРОЈ НА ИЗБРАНИ И РАЗРЕШЕНИ СУДИИ И СУДИИ ПОРОТНИЦИ .................... 4
2. ПОВЕДЕНИ И ЗАВРШЕНИ ПОСТАПКИ ЗА УТВРДУВАЊЕ ОДГОВОРНОСТ НА СУДИЈА .................... 11
3. КАДРОВСКА СОСТОЈБА ВО СУДСТВОТО .................... 14
4. МАТЕРИЈАЛНО ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА ВО СУДСТВОТО И ВО СУДСКИОТ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА .................... 17
5. ПОДАТОЦИ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПРЕТСТАВКИ И ПРЕДЛОЗИ НА ГРАЃАНИТЕ И ИНСТИТУЦИИТЕ ЗА РАБОТАТА НА СУДИИТЕ И СУДОВИТЕ ...... 26
6. ОЦЕНА ЗА СОРАБОТКАТА И ОДНОСИТЕ НА СУДОВИТЕ СО ДРУГИТЕ ПРАВОСУДНИ ОРГАНИ И ОРГАНИТЕ НА ЗАКОНОДАВНАТА И ИЗВРШНАТА ВЛАСТ .................... 31
7. ОЦЕНА ЗА РАБОТАТА НА СУДИИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ОДНОС НА КВАЛИТЕТОТ И АЖУРНОСТА ВО НИВНАТА РАБОТА КАКО И ДРУГИ ПРАШАЊА ВО ВРСКА СО ОСТВАРУВАЊЕТО НА НЕЗАВИСНОСТА И САМОСТОЈНОСТА НА СУДСТВОТО .................... 34
8. ОЦЕНА ЗА СОСТОЈБАТА ВО СУДСТВОТО ЗА ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА И ОСНОВНИТЕ СЛОБОДИ .................... 46

## БРОЈ НА ИЗБРАНИ И РАЗРЕШЕНИ СУДИИ И СУДИИ ПОРОТНИЦИ

Покрај другите надлежности, Судскиот совет на Република Македонија врши избор и разрешување на судии, судии поротници и претседатели на судови.

Во текот на 2009 година, Судскиот совет на Република Македонија врз основа на претходно донесени одлуки за огласување на упразнетите судиски места, односно по утврдената потреба за пополнување на судиско место во сите судови во Република Македонија, а согласно со член 39 и 45 од Законот за Судскиот совет на повеќе одржани седници спроведе избор на судии од пријавените кандидати на огласот што ги исполнуваат условите и критериумите предвидени со Законот за судовите и Законот за судскиот совет. Новина во изборот на судиите во основните судови е тоа што Судскиот совет за прв пат во текот на 2009 година согласно со член 45 од Законот за судовите и член 6 и 7 од Законот за измена и допонување на Законот за судовите, 50% од избраните судии за основните судови ги избра од редот на кандидатите за судии од првата генерација од Академијата за обука на судии и јавни обвинители. Одлуките за избор на судии Советот ги носеше на седници по спроведена расправа на која присуствуваа најмалку 2/3 од членовите на Советот, а за судија беше избран оној кандидат кој добил 2/3 гласови од вкупниот број членови на Советот. Кога Советот избира судии и претседател на основен суд и апелационен суд кој се наоѓа на подрачје на единица на локална самоуправа каде што 20% од граѓаните зборуваат службен јазик различен од македонскиот, за судија е избран оној кандидат кој добил 2/3 гласови од вкупниот број членови на Советот, при што мора да има мнозинство гласови од присутните членови кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Врз основа на вака утврдените критериуми со одлука на Судскиот совет на РМ во текот на 2009 година се избрани вкупно **43** судии во сите судови во Република Македонија. Од вкупно избраните **21** се судии избрани во основните судови, од кои **14** се од редот на кандидатите кои ја завршиле почетната обука во Академијата за обука на судии и јавни обвинители од првата генерација кандидати за судии и јавни обвинители, а врз основа на одлуката на Советот за слободни

судиски места за основните судови во Република Македонија за 2008 и 2009 година, согласно со член 38 од Законот за Судскиот совет на РМ.

За основните судови од страна на Советот во текот на 2009 година се избрани вкупно 21 судија и тоа: во ОС Битола – 1 судија – кандидат од Академијата за обука на судии и јавни обвинители, ОС Велес – 1 судија - кандидат од Академијата за обука на судии и јавни обвинители, ОС Гостивар – 1 судија , ОС Куманово – 4 судии - кандидати од Академијата за обука на судии и јавни обвинители, ОС Охрид – 2 судии - од кои еден кандидат од Академијата за обука на судии и јавни обвинители, ОС Прилеп – 2 судии - кандидати од Академијата за обука на судии и јавни обвинители , ОС Скопје 1 Скопје – 4 судии, ОС Скопје 2 Скопје –3 судии од кои двајца кандидати од Академијата за обука на судии и јавни обвинители и ОС Тетово – 3 судии- од кои двајца кандидати од Академијата за обука на судии и јавни обвинители.

Заради продолжување на овие активности, Судскиот совет на РМ воедно има утврдено планирани активности во координација со Академијата за обука на судии и јавни обвинители, кои се однесуваат на избор за судии од редот на кандидатите од втората генерација кои ќе ја завршат почетната обука во Академијата за обука на судии и јавни обвинители. Исто така согласно со член 38 од Законот за Судскиот совет на РМ, со Одлука на Советот е утврден бројот на слободните судиски места за основните судови во Република Македонија за наредните две години, поточно за 2010 и 2011 година врз основа на која Академијата за обука на судии и јавни обвинители, изврши прием на кандидати за почетна обука за втората и третата генерација на судии и јавни обвинители. Така за 2010 година врз основа на утврдената анализа 10 слободни судиски места во основните судови ќе бидат пополнети од редот на кандидатите од Академијата за обука на судии и јавни обвинители од втората генерација.

Со вака преземените активности Судскиот совет на РМ во целост одговара на обврските согласно со утврдените приоритети за исполнување на препораките на Европската комисија во делот на реформите во судството, во процесот на интеграција на Република Македонија во Европската унија.

Согласно со член 39 став 9 од Законот за судовите, Судскиот совет донесе Одлуки за времено упатување на судија од ОС Крива Паланка и судија од ОС Кратово во Основниот суд Скопје 2 Скопје, поради значително зголемен обем на работа во овој суд , најдолго за време од една година.

Исто така Советот изврши избор и на судии во повисоките судови, апелационите судови, Управниот суд и Врховниот суд на РМ. Така Советот во текот на 2009 година избра вкупно 22 судии за повисок суд и тоа: во Врховниот суд на РМ – 5 судии, Управниот суд – 3 судии, АС Битола – 5 судии, АС Скопје – 6 судии, АС Штип – 3 судии.

| | **Суд** | **Бр. на избрани судии** |
|---|---|---|
| 1 | Врховен суд на РМ | **5** |
| 2 | Управен суд на РМ | **3** |
| 3 | АС Битола | **5** |
| 4 | АС Гостивар | |
| 5 | АС Скопје | **6** |
| 6 | АС Штип | **3** |
| 7 | ОС Берово | |
| 8 | ОС Битола | **1** |
| 9 | ОС Велес | **1** |
| 10 | ОС Виница | |
| 11 | ОС Гевгелија | |
| 12 | ОС Гостивар | **1** |
| 13 | ОС Дебар | |
| 14 | ОС Делчево | |
| 15 | ОС Кавадарци | |
| 16 | ОС Кичево | |
| 17 | ОС Кочани | |
| 18 | ОС Кратово | |
| 19 | ОС Крива Паланка | |
| 20 | ОС Крушево | |
| 21 | ОС Куманово | **4** |
| 22 | ОС Неготино | |
| 23 | ОС Охрид | **2** |
| 24 | ОС Прилеп | **2** |
| 25 | ОС Радовиш | |

| | | |
|---|---|---|
| 26 | ОС Ресен | |
| 27 | ОС Св. Николе | |
| 28 | ОС Скопје I Скопје | 4 |
| 29 | ОС Скопје II Скопје | 3 |
| 30 | ОС Струга | |
| 31 | ОС Струмица | |
| 32 | ОС Тетово | 3 |
| 33 | ОС Штип | |
| | **Вкупно:** | **43** |

При изборот на судиите исто така се водеше сметка да се обезбеди соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници. Така од вкупно избраните судии од редот на Македонците се избрани 32 судии, од редот на Албанците се избрани 10 судии, како и еден судија Турчин. Во однос на половата застапеност 19 од избраните судии се мажи, а 24 жени.

**Избрани судии од Судски совет на РМ**

| | | Вкупно | % |
|---|---|---|---|
| **Националност** | | | |
| 1 | Македонец | 31 | 72,09 |
| 2 | Албанец | 11 | 25,58 |
| 3 | Турчин | 1 | 2,33 |
| **Пол** | | | |
| 1 | Машки | 19 | 44,19 |
| 2 | Женски | 24 | 55,81 |
| | | | |
| **Вкупно избрани:** | | 43 | |







Од страна на Судскиот совет на РМ во текот на 2009 година се избрани вкупно 8 претседатели на судови од кандидатите кои доставиле пријава кон која се приложува и програмата за работа на судот во текот на мандатот за претседател. Со одлука на Советот избрани се претседатели во следните судови: претседател на Основен суд Скопје 1 Скопје, претседател на Основен суд Тетово, претседател на Основен суд Гостивар, претседател на Основен суд Куманово, претседател на Основниот суд Крушево, претседател на Основен суд Свети Николе, претседател на Основен суд Ресен и претседател на

Основен суд Радовиш. Од избраните претседатели 6 се Македонци, 2 се Албанци, од нив 4 се мажи и 4 се жени.

**Избрани претседатели на судови од Судски совет на РМ**

| | Вкупно | % |
|---|---|---|
| **Националност** | | |
| Македонец | 6 | 75,00 |
| Албанец | 2 | 25,00 |
| **Пол** | | |
| Машки | 4 | 50,00 |
| Женски | 4 | 50,00 |
| | | |
| **Вкупно избрани:** | 8 | |







При изборот на судиите и претседателите на судовите согласно со Деловникот за работа на Судскиот совет член 18 став 3, беше спроведено и интервју со сите кандидати за избор на судии како за основните, така и за повисоките судови и претседатели на судови, што се покажа како успешен критериум за објективна и квалитетна

селекција при изборот. Воедно, Советот особено се залагаше изборот на судиите и претседателите на судовите да го спроведува врз основа на критериумите предвидени во член 41 и член 44 од Законот за Судскиот совет на Република Македонија, при што се имаа предвид квалификациите, чесноста, стручната способност и ефикасноста на кандидатот.

Согласно со член 46 од Законот за Судскиот совет на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр.60 од 15.5.2006 година), изборот и разрешувањето на судиите поротници по предлог на претседателот на надлежниот основен и апелационен суд го врши Советот. Со одлука на Судскиот совет на Република Македонија, согласно со член 44 став 2 од Законот за судовите и член 46 став 2 од Законот за Судскиот совет на Република Македонија е утврден бројот на судиите поротници во сите основни и апелациони судови во Република Македонија, по претходно прибавено мислење од седница на основните и апелационите судови, на вкупно 3611 судии поротници.

Во текот на 2009 година се донесени одлуки за избор, разрешување и престанок на функцијата судија поротник. Врз основа на доставени предлог-листи од страна на претседателите на надлежните основни и апелациони судови, со одлуки на Советот, во текот на 2009 година се избрани вкупно **762** судии поротници за судовите во Република Македонија. При изборот на судии поротници Советот водеше сметка да се обезбеди соодветна правична застапеност на граѓаните што припаѓаат на сите заедници. Воедно се донесени одлуки со кои е утврден престанок на функцијата судија поротник поради истек на мандатот за кој се избрани и тоа за вкупно **332** судии поротници, на **7** судии поротници им е утврден престанок на функцијата по нивно барање, за еден судија поротник е донесена одлука за престанок поради сродство по права линија и за **5** судии поротници е утврден престанок на функцијата поради недавање свечена изјава пред стапување на должност.

## ПОВЕДЕНИ И ЗАВРШЕНИ ПОСТАПКИ ЗА УТВРДУВАЊЕ ОДГОВОРНОСТ НА СУДИЈА

Во надлежност на Судскиот совет е и да утврдува престанок на судиска функција, да го разреши судијата од вршење на судиската функција поради потешка дисциплинска повреда или поради нестручно и несовесно вршење на судиската функција, да одлучи времено да го отстрани судијата од вршење на судиската функција, одлучува за одземање имунитет на судија и за одобрување за определување мерка притвор на судија.

Судскиот совет постапките за утврдување одговорност на судиите ги водеше согласно со Уставот, законите и подзаконските акти во кои се инплементирани надлежностите на Судскиот совет.

Постапката за утврдување одговорност на судијата е уредена со Законот за судовите, Законот за Судскиот совет на Република Македонија, Правилникот за начинот и постапката за утврдување нестручно и несовесно вршење на судиската функција и Правилникот за постапката за дисциплинска одговорност на судиите. На 77-та седница одржана на 29.10.2009 година Судскиот совет ги усвои Измените на Деловникот за работа на Судскиот совет, Измените на Правилникот за постапката за начинот на утврдување нестручно и несовесно вршење на судиската функција, како и Измените на Правилникот за дисциплинска постапка.

Поведените постапки за утврдување одговорност на судија во вршење на судиската функција најчесто се по барање поднесено од страна на членови на Советот, како и од страна на претседател на суд и другите овластени подносители. Во барањето се наведуваат причините за основаноста за поведување постапка за утврдување одговорност, како и се доставуваат докази врз кои се заснова барањето. Од спроведената анализа на досега поведените и завршени постапки за утврдување нестручно и несовесно вршење на судиската функција, се констатира дека постапките се водени и одлуките за разрешување судијата се донесени најмногу согласно со член **75** став 1 алинеја **1, 2 и 3** од Законот за судовите.

Во текот на **2009 година**, вкупно во работа имало **23** постапки за нестручно и несовесно вршење на судиската функција. Од нив со правосилна одлука на Советот се завршени вкупно **13** постапки за нестручно и несовесно вршење на судиската функција и тоа: за 10 судии е донесена одлука за разрешување поради нестручно и несовесно вршење на судиската функција, 2 (две) постапки се запрени бидејќи не е најден законски основ за одговорност на судијата и во една постапка судијата е разрешен по сопствено барање, бидејќи од страна на судијата во текот на постапката е поднесено барање за престанок на судиската функција согласно со член 73 став 1 алинеја 1 од Законот за судовите и член 47 став 1 точка 1 од Законот за Судскиот совет на РМ.

Воедно, во текот на 2009 година во работа имало **2** дисциплински постапки и **2** постапки за утврдување трајно губење на способноста за вршење на судиската функција. Од поведените дисциплински постапки во една постапка е донесена одлука за запирање на постапката поради настапување застареност ,согласно со член 55 став 1 од Законот за Судскиот совет, а една постапка се уште е во тек и е во жалбена постапка. Донесени се и две одлуки со кои е утврден престанок на судиската функција поради трајно губење на способноста за вршење на судиската функција.

Согласно со член 59 од Законот за Судскиот совет на Република Македонија, Советот може времено да отстрани судија од вршење судиска функција кога е поведена постапка за утврдување одговорност на судијата, согласно со Законот.

Во текот на постапката за утврдување одговорност на судијата во **11** постапки покрај Одлуката за поведување постапка за утврдување одговорност на судијата во вршењето на судиската функција донесена е и Одлука за времено оддалечување од вршење на судиската функција до правосилно окончување на постапката, согласно со член 67 од Законот за судовите и член 13 од Правилникот за постапката и начинот на утврдување нестручно и несовесно вршење на судиската функција.

Воедно во текот на 2009 година се донесени и одлуки за престанок на судиската функција по други основи и тоа **2** по сопствено барање, на **13** судии им е утврден престанок на судиската функција поради исполнување услови за старосна пензија, во **3** одлуки поради

настапување смрт, како и во еден случај поради избор на судијата на друга функција.

Судскиот совет во текот на 2009 година постапувал и по поднесено барање за одземање на имунитетот и барање за одобрување притвор притив двајца судии согласно со член 65 од Законот за судовите. При тоа од страна на Советот во итна постапка за овие судии беа донесени одлуки со кои им се одзеде имунитетот, но по барање за одобрување притвор против судиите Советот донесе одлука со која не се одобри притворот.

## КАДРОВСКА СОСТОЈБА ВО СУДСТВОТО

Согласно со член 44 од Законот за судовите и член 31 алинеја 12 од Законот за Судскиот совет на Република Македонија, Судскиот совет на Република Македонија со одлука го утврдува бројот на судиите во секој суд, а по прибавено мислење од Општата седница на Врховниот суд на Република Македонија и мислење од седница на судиите на соодветниот суд. Согласно со донесените одлуки на Советот за утврдување и за зголемување бројот на судиите во судовите во Република Македонија, вкупниот број на судиски места во судовите во Република Македонија е утврден на 696 судиски места, од кои според состојбата во текот на 2009 година се пополнети 661судиско место, а 36 судиски места се непополнети**.** Непополнетите судиски места се во: АС Скопје – 1 судиско место, ОС Битола - 2 судиски места, ОС Велес – 2 судиски места, ОС Виница – 1 судиско место, ОС Гевгелија – 2 судиски места, ОС Гостивар – 2 судиски места, ОС Делчево – 2 судиски места, ОС Кавадарци – 1 судиско место, ОС Кичево – 4 судиски места, ОС Кочани – 2 судиски места, ОС Крива Паланка – 1 судиско место, ОС Крушево – 1 судиско место, ОС Куманово – 1судиско место, ОС Неготино – 2 судиски места, ОС Прилеп – 1 судиско место, ОС Свети Николе – 1 судиско место, ОС Скопје 1 Скопје – 1 судиско место, ОС Скопје 2 Скопје – 2 судиски места, ОС Струга – 3 судиски места, ОС Струмица – 2 судиски места и ОС Штип – 3 судиски места. Во бројот на пополнети судиски места е вклучен и бројот на судии на кои им мирува судиската функција.

Во однос на кадровската состојба во судството треба да се истакне потребата од спроведување анализа за утврдување на критериумите за бројот на вработените во судовите согласно со Законот за судовите, потоа анализа на потребите и критериумите за утврување бројот на судиите (нивно зголемување или намалување), врз основа на која би се согледала реалната состојба на обемот на работа на судот и ангажманот на судијата. Исто така потребна е и анализа за утврдување бројот на слободните места за судии во основните судови ,за почетна обука за судии во Академијата за обука на судии и јавни обвинители.

Исто така во однос на кадровската состојба во судството  во текот на 2009 година, како и претходните години, беше присутен проблемот на недоволен број стручни соработници и советници во судовите, непополнети работни места за административни работници, особено дактилографи, како и преоптовареноста со работа во поголемите основни судови како и лошата материјална состојба и услови за работа во некои судови. Во рамките на реформите на судскиот систем, Судскиот совет заедно со Судскиот буџетски совет се залага и ги поддржува активностите за надминување на ваквите состојби, особено настојувањето секој судија да има свој стручен соработник, а се со цел за зголемување на ажурноста и ефикасноста на судовите, како и зајакнување на човечките ресурси и правичната застапеност на припадниците на заедниците во судската власт.

Проблемот со недостаток на потребен стручен и административен кадар посебно се продлабочи по донесувањето на Одлуката на Владата на Република Македонија за замрзнување на сите вработувања во јавниот сектор во Република Македонија во текот на 2009 година, со исклучок на вработувањата согласно со НПАА програмата и Рамковниот договор. По донесувањето на оваа Одлука, во единките корисници на судска власт не се пополнуваа трајно испразнетите работни места во 2009 година (по основ на пензија, отказ, избор за судија или обвинител и сл.) Вработувањета по НПАА програмата ја ублажија состојбата со недоволната кадровска екипираност на судовите.

Од страна на Владата на Република Македонија во рамките на НПАА програмата за 2009 година, за судската власт беа одобрени вкупно 115 вработувања на стручни и административни работници и тоа:

- за Академија за обука на судии и јавни обвинители 5 вработувања;
- за судска администрација 70 вработувања;
- за администрација на Судскиот совет на Република Македонија 15 вработувања;
- за администрација на Управен суд 20 вработувања и
- за администрација на Апелационен суд Гостивар 5 вработувања.

Со цел да се зајакне стручниот кадар во судовите, одобрените вработувања од НПАА програмата во делот на судската администрација беа распределени на тој начин што 70% се однесуваа на вработување на стручни судски службеници, а 30% на административни судски службеници.

Од поднесените 109 барања за обезбедување финансиски средства за вработување согласно со НПАА програмата, од страна на Министерството за финансии се добиени согласности за 99 вработувања, а се уште нема одговор за 10 барани вработувања.

Во текот на 2009 година на ниво на судска власт беа реализирани 145 вработувања на неопределено време и 8 вработувања на определено време. Во исто време, на 78 вработени во единките корисници на судска власт им престанал работниот однос по разни основи, па така на 31.12.2009 година во единките корисници на судска власт имаше 2288 вработени (без судии и членови на Судскиот совет на РМ).

Согласно со Законот за судска служба, секторот за Судски буџет започна со водење Регистар на судски службеници како единствена база на податоци, со што ја презеде улогата на Агенцијата за државни службеници за издавање на соодветноста на барањата за вработувања од судовите во однос на нивните акти за систематизација на работни места.

Со цел за подобрување на материјалната состојба на стручните и административните работници во судската власт, во координација со Владата на Република Македонија од јануари 2009 година платите на судската администрација се зголемија од 5 до 20 %.

# МАТЕРИЈАЛНО - ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА ВО СУДСТВОТО И ВО СУДСКИОТ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Согласно со Законот за судски буџет, Судскиот буџет претставува годишна процена на приходите и трошоците на судската власт што ги утврдува Собранието на РМ и е наменет за финансирање на судската власт. Судскиот буџет е дел од Буџетот на РМ ,издвоен како посебен дел означен со Судска власт.

Судскиот буџет содржи две програми

- програма 20-судска администрација и
- програма 30-Академија за обука на судии и јавни обвинители

Програмата 20-Судска администрација ги опфаќа средствата за финансирање на активностите и функциите на Судскиот совет на РМ, Врховниот суд на РМ, Управниот суд, апелационите судови и основните судови со проширена и основна надлежност.

Програмата 30-Академија за обука на судии и јавни обвинители ги опфаќа средствата за финасирање на активностите на Академијата.

Во 2009 година вкупно одобрениот буџет за судската власт за двете програми изнесуваше 1,840,207,000 денари. Структурата на средствата по категории е следната:

| кат | назив | буџет | % |
|---|---|---|---|
| 40 | Плати и надоместоци | 1,529,005,000 | 83,09 |
| 42 | Стоки и услуги | 235,202,000 | 12,78 |
| 46 | Субвенции и трансфери | 15,000,000 | 0,82 |
| 48 | Капитални расходи | 61,000,000 | 3,31 |
| | Вкупно | 1,840,207,000 | 100,00 |

Процентуалното учество покажува релативно ниско учество на категоријата 42-Стоки и услуги во рамките на која категорија се обезбедуваат средства за тековно работење на судовите. Оваа

категорија во 2009 година бележеше значително намалување во однос на 2008 година кога изнесуваше 276,000,000 денари. Таквата состојба имаше негативно влијание врз нормалното функционирање на судовите и редовно надмирување на обврските од работењето. Во текот на годината се извршија две Измени и дополнувања на Буџетот на РМ за 2009 година (Службен весник на РМ бр.90 од 18.7.2009 година и бр. 124 од 9.10.2009 година). Со измените се изврши намалување на категоријата 40-Плати и надоместоци, се обезбедија дополнителни 10,000,000 денари за ставката 425-Договорни услуги како и се извршија внатрешни прелевања (пренамени по ставки) со цел да се интервенира на ставките каде состојбата со неизмирените обврски беше најалармантна.

Она што ја карактеризираше 2009 година беше ефектот на глобалната економска криза врз реализацијата на буџетот, особено врз реализацијата на судскиот буџет. Неизмирените обврски за програма 20-Судска администрација заклучно со 31.12.2009 година изнесуваа 63,079,025 денари и истите ќе значат сериозно оптоварување на буџетот за 2010 година. По категории состојбата е следната:

| | | |
|---|---|---|
| 42 | Стоки и услуги | 55.632.469,00 |
| 46 | Субвенции и трансфери | 157.200,00 |
| 48 | Капитални инвестиции | 7.289.356,00 |

Значајно е да се напомене дека со истиот датум останаа нереализирани средства во рамките на одобрениот буџет на судската власт во вкупен износ од 25.639.291,00 денари за кој износ беа доставени налози за плаќање до трезорските канцеларии. Структурата е следна:

Согласно со заклучокот на Судскиот буџетски совет за пренамена на остатокот на средствата во категорија 40-Плати и надоместоци од плати, до Министерството за финасии беше доставено барање за пренамена на средства во вкупен износ од 21.800.000 денари, наменети за ставката 42-Стоки и услуги. За пренамената не беше добиена согласност од Министерството за финансии, а доколку се резлизираше оваа пренамена и одобрениот буџет, проекцијата на неизмирените обврски за категоријата 42 би била во износ од приближно 22.300.000,00 денари.

Исто така, доколку се реализираа одобрените средства, категориите 46 и 48 воопшто не ќе бележеа обврски.

ТАБЕЛА

| ПРОЕКТИРАНИ РАСХОДИ И РЕАЛИЗАЦИЈА НА БУЏЕТ СУДСКА ВЛАСТ, КАТЕГОРИЈА 40-ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ, 42-СТОКИ И УСЛУГИ И 46-СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ И 48-КАПИТАЛНИ РАСХОДИ, ПРОГРАМА 20-СУДСКА АДМИНИСТРАЦИЈА ВО 2009 ГОДИНА | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Кат/ставка | Буџет | Ребаланс | Ребаланс | Пренамена | Реализација | % на реализација |
| ***40*** | ***1.518.204.000*** | ***1.442.355.000*** | ***1.438.355.000*** | ***1.438.355.000*** | ***1.434.080.946*** | ***99,70*** |
| | | | | | | |
| ***42*** | ***214.870.000*** | ***214.870.000*** | ***232.870.000*** | ***232.870.000*** | ***221.418.864*** | ***95,08*** |
| 420 | 3.544.000 | 3.544.000 | 2.513.000 | 2.513.000 | 1.953.046 | 77,72 |
| 421 | 90.141.000 | 90.141.000 | 98.073.000 | 98.718.000 | 97.609.001 | 98,88 |
| 423 | 24.923.000 | 24.923.000 | 24.923.000 | 24.923.000 | 24.450.135 | 98,10 |
| 424 | 16.008.000 | 16.008.000 | 11.607.000 | 11.607.000 | 10.021.898 | 86,34 |
| 425 | 75.948.000 | 75.948.000 | 91.448.000 | 91.448.000 | 84.260.740 | 92,14 |
| 426 | 4.306.000 | 4.306.000 | 4.306.000 | 3.661.000 | 3.124.044 | 85,33 |
| | | | | | | |
| ***46*** | ***15.000.000*** | ***15.000.000*** | ***11.000.000*** | ***11.000.000*** | ***7.315.034*** | ***66,50*** |
| 464 | 15.000.000 | 15.000.000 | 11.000.000 | 11.000.000 | 7.315.034 | 66,50 |
| | | | | | | |
| ***48*** | ***59.000.000*** | ***52.000.000*** | ***50.147.000*** | ***50.147.000*** | ***39.437.849*** | ***78,64*** |
| **481** | 38.000.000 | 34.500.000 | 34.500.000 | **32.800.000** | 31.290.249 | **95,40** |
| **482** | 6.700.000 | 6.700.000 | 4.847.000 | **4.224.000** | 3.526.464 | **83,49** |
| **483** | 14.300.000 | 10.800.000 | 10.800.000 | **13.123.000** | 13.078.475 | **99,66** |
| ***вкупно*** | ***1.807.074.000*** | ***1.724.225.000*** | ***1.732.372.000*** | ***1.732.372.000*** | ***1.702.252.693*** | ***98.26*** |

Неизмирените обврски на Академијата за обука на судии и јавни обвинители се во вкупен износ од 5.234.589,00 денари, кои исто така ќе значат оптоварување на буџетот на Академијата за идната година.

| ПРОЕКТИРАНИ РАСХОДИ И РЕАЛИЗАЦИЈА НА БУЏЕТ НА АКАДЕМИЈА ЗА ОБУКА НА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ, КАТЕГОРИЈА 40-ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ, 42-СТОКИ И УСЛУГИ 46-СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ И 48-КАПИТАЛНИ РАСХОДИ, ПРОГРАМА 30-2009ГОДИНА | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Кат/ставка | Буџет | Ребаланс | Ребаланс | Пренамена | Реализација | % на реализација |
| **40** | **10.801.000** | **10.622.000** | **9.030.000** | **7.466.091** | **7.462.846** | **99,96** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |
| **42** | **20.332.000** | **20.332.000** | **21.924.000** | **21.924.000** | **18.918.372** | **86,29** |
| 420 | 3.000.000 | 3.000.000 | 3.000.000 | 3.000.000 | 2.749.962 | 91.67 |
| 421 | 2.347.000 | 2.347.000 | 2.347.000 | 2.347.000 | 2.288.827 | 97.52 |
| 423 | 2.000.000 | 2.000.000 | 2.000.000 | 2.000.000 | 1.827.915 | 91.40 |
| 424 | 415.000 | 415.000 | 415.000 | 415.000 | 124.013 | 29.88 |
| 425 | 10.500.000 | 10.500.000 | 12.092.000 | 12.092.000 | 10.586.227 | 87.55 |
| 426 | 2.070.000 | 2.070.000 | 2.070.000 | 2.070.000 | 1.341.428 | 64.80 |
| | | | | | | |
| **48** | **2.000.000** | **2.000.000** | **2.000.000** | **2,000,000** | **1,630,323** | **81,52** |
| **вкупно** | **33.133.000** | **32.954.000** | **32.954.000** | **31.390.091** | **28.011.541** | **89,24** |

Важно е да се напомене дека судската власт во 2009 година во однос на менаџирањето на буџетот беше максимално рационална. Во текот на годината Судскиот буџетски совет со неколку одлуки интервенираше во насока на намалување на пооделни трошоци, без притоа да се наруши законското постапување на судовите.

**КАПИТАЛНИ ИНВЕСТИЦИИ ВО СУДСКАТА ВЛАСТ**

За капитални проекти и инвестиционо одржување во судството, преку Годишната програма за инвестирање од Буџетот, во судската власт во 2009 година се вложени 47.895.188 денари, со што е остварена реализација од 95,51% од предвидените капитални инвестиции во вкупен износ од 50.147.000 денари на ниво на Програма 20-судска администрација. Првично со Буџетот за оваа намена беа предвидени 59.000.000 денари, но со двата ребаланса на Буџетот, во јуни и во септември 2009 година, одобрените средства беа намалени за 15% и беа сведени на исто ниво како во 2008 година. Реализацијата, мерена според платените обврски во вкупен износ од 39.437.849 денари, е пониска и изнесува 78,64%.

Најголемите капитални проекти финансирани од Судскиот буџет во 2009 година се однесуваат на подобрување на информатичката инфраструктура на судовите, како неопходна претпоставка во рамките на евроинтегративните процеси. Како поддршка на проектот за воведување интернет во судовите, од Судскиот буџет беше инвестирано во воспоставување надворешна заштита на компјутерските мрежи во судството. Почна реализацијата на проектот за доградба, поправка и уредување на физичките мрежи (ЛАН) во

судовите, а освен тоа сите судови и другите единки корисници на Буџетот-судска власт добија динамички веб-страници за поинтерактивна комуникација и подобрување на услугите.

Завршувањето на надградбата за Апелациониот суд Гостивар, со што конечно се обезбедија просторни услови за работа на овој суд (останува уште да се доопреми), е една од поголемите инвестициски активности во однос на судските згради во 2009 година, за која се обезбедени средства од Буџетот -судска власт. Другите реализирани инвестициски активности се во функција на неопходното инвестициско одржување на судските згради.

Значаен обем на капитални инвестиции во судството во 2009 година е реализиран преку Проектот за правна и правосудна имплементација и институционална поддршка, за кој Република Македонија има земено заем од Светска банка. Во рамките на овој проект, којшто се реализира преку Министерството за правда, од предвидените 11 судови за реконструкција и опремување, завршени се активностите во седум основни суда со проширена надлежност и тоа: Охрид, Струга, Тетово,Велес, Прилеп, Штип, Струмица, а во судовите во Гостивар и Кочани завршена е само реконструкцијата, додека опремувањето останува за 2010 година. Со овој проект е предвидена и изградба на нов Кривичен суд во Скопје, за кој во 2009 година е изработена комплетната техничко - инвестициска документација.

**АНКЕТА ЗА МЕРЕЊЕ НА ЗАДОВОЛСТВОТО НА ГРАЃАНИТЕ ОД РАБОТАТА НА СУДОВИТЕ**

Во текот на 2009 година во соработка со УСАИД-ДПК континуирано продолжи да се спроведува анкета за мерење на задоволството на граѓаните од работата на судовите за што во периодот март-април беше спроведен третиот круг на анкетата. Нивото на задоволството на јавноста од работењето на судовите изнесуваше 82,18%. Следната анката се спроведе во периодот октомври-ноември 2009 година, при што нивото на задоволството на јавноста од работењето на судовите изнесуваше 83,61%.

| Циклус на анкетирање | Период на спроведување | Ниво на задоволство |
|---|---|---|
| 1 | јануари-март 2008 год. | 69,73 % |
| 2 | септември-ноември 2008 год. | 78,00 % |
| 3 | март-април 2009 год. | 82,18 % |
| 4 | октомври-ноември 2009 год. | 83,61% |

**ГОДИШЕН ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ НА СУДСКИОТ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2009 ГОДИНА**

Судскиот совет на Република Македонија, како единка корисник на средства од втора линија, за своето работење финансиските средства ги добива единствено од Буџетот на Република Македонија, преку Судскиот буџетски совет. За календарската 2009 година за функционирањето на овој орган се потрошени финансиски средства во износ од 35.663.117,00 денари, кои во споредба со трошоците во 2008 година кои изнесуваaa 30.646.576 претставува зголемен Буџет во износ од 16,37%.

Бројот на вработени во текот на 2009 се зголеми за бројот на вработените во Стручната служба на Судскиот буџетски совет кои беа преземени од Врховниот суд на Република Македонија од страна на Судскиот совет, а врз основа на одредбата на Законот за изменување и дополнување на Законот за Судскиот буџет кој се примени од 1 јануари 2009 година. Така да бројот на вработените се зголеми за 10 извршители ,а до крајот на годината стручната служба се докомплетира со уште 2 нови вработени , така што бројот на сите вработени на крајот на годината изнесува 46 од кои 13 се функционери членови на Советот. Во поглед на избраните членови настана промена во составот на 2 функционери заради редовно пензионирање.

За остварување на работите од својот делокруг, утврдени со амандманите од Уставот на Република Македонија и Законот за Судскиот совет, во изминатата фискална година имаше реализација на финансиски средства во износ од 35.663.117,00 денари при што се

испочитувани принципите на рационално, ефикасно и строго наменско трошење имајки ја предвид светската економска криза.

Во извештајот е даден преглед на потрошените финансиски средства по ставки и расходни конта:

**Преглед на реализирани финансиски средства по расходни конта за 2009 година.**

процент
1. Вкупно средства добиени од Буџетот на РМ **35.922.625,00 денари 100 %**
2. Потрошени средства-остварени расходи **35.663.117,00 денари 99.3%**
3. Добиени, а непотрошени средства во износ **259.508,00 денари 0.7** %,

**Потрошените средства се за следните расходи:**
1. Основни плати и персонален данок 22.148.466,00 денари
2. Придонеси за ПИО, здравство,вработување 8.714.278,00 денари
3. Останати придонеси - за водоснабдување 4.383,00 денари

**Вкупно за плати и надоместоци 30.867.127 ,00 денари**

| | **одобрени** | **реализирани** | **остаток** |
|---|---|---|---|
| 4. Дневници за службен пат | 256.308,00 | 237.875,00 | 18.433,00 |
| 5. Пошта,телефон,бензин | 2.214.746,00 | 2.208.856,50 | 5.890,00 |
| 6. Канцел. материјал,списанија средства за хигиена и др. | 697.844,00 | 577.209,00 | 120.635,00 |
| 7. Поправка , одржување на софтвер,возила и опрема | 714.632,00 | 643.625,00 | 71.007,00 |

8. привремени вработувања,зкуп,
огласи за избор на судии 821.730,00 790.944,00
30.785,00
9.Расходи за репрезентација
и др.вонредни расходи 268.772,00 262.615,00
6.157,00
10.Трансвери за пензионирање 74.866,00 74.866,00
74.866,00

**Вкупно 5.048.898,00 4.795.990,00**
**252.908,00**

Нереализираните финансиски средства во износ од **252.908,00** денари се како резултат на иницираните, а неизвршените вирмани во трезорската канцеларија при Министерството за финансии, кои пак обврски моравме да ги пренесеме во наредната буџетска година.

Во текот на 2009 на категоријата 48-капитални расходи, согласно со Годишната програма за инвестирање од буџетот за судска власт во судовите бр.01-1292/2 од 29.12.2008 година, Измената на Годишната програма за инвестирање во судовите за 2009 година број 01-409/20од 21.4.2009 година и Измената на Годишната програма за инвестирање по ребаланс на Буџетот од 12.6.2009 број 02-683/2 и Измената на Годишната програма за инвестирање по втор ребаланс на Буџетот од 22.10.2009 број 01-1178/6, донесени од страна на Судскиот буџетски совет, со Решенија се обезбедени финансиски средства за капитални набавки за 2009, за потребите на Судскиот совет.

Согласно со горенаведената Годишната програма и Измените за инвестирање од буџетот за судска власт во судовите за 2009, се обезбедени средства на потставка 481/481230 - во износ од 610.172 со кои е извршена реконструкција на салата за состаноци. Со распределба на финансиски средства од Буџетот на Република Македонија за 2009 година од страна на Судскиот буџетски совет, за потребите на Судскиот совет се обезбедија средства за потставките 483/483290 - купување опрема - систем за електронска евиденција на работното време во износ од 55.922, на потставките 483/483240 - купување на информатичка и видео опрема, набавени се вкупно 15 лаптоп компјутери за членовите на Советот во износ од 597.618,00 денари. Од

истата потставка набавен е хардверски Firewall - информатичка опрема за безбедност и заштита на податоци во износ од 394.960,00 денари. Набавен е бекап сервер и UPS во износ од 35.778,00 ден и од категоријата 48 - капитални расходи потставка е 483/483290 - купување на друга опрема извршена е набавка на систем за гласање во салата за седници во износ од 497.528,00. Извршена е набавка на безжичен интернет во износ од 24.074,00 ден. Сите овие набавки се извршени со спроведување на постапка за јавни набавки согласно со Законот за јавни набавки преку Бирото за јавни набавки при Министерството за финансии.

Од Министерството за правда, со одлука на Владата на Република Македонија број 19-4868/1 од 10.10.2009 година, отстапени се на Судскиот совет на трајно користење без надомет, 3 персонални компјутери и 7 принтери во вкупен износ од 146.422,00 денари.

# ПОДАТОЦИ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПРЕТСТАВКИ И ПРЕДЛОЗИ НА ГРАЃАНИТЕ И ИНСТИТУЦИИТЕ ЗА РАБОТАТА НА СУДИИТЕ И СУДОВИТЕ

Советот е надлежен да постапува по претставките и поплаките на граѓаните и правните лица за работата на судиите и судовите.

Од извршената анализа на податоците во текот на извештајната година интезитетот на прилив на претставки од страна на граѓаните и институциите кои укажуваат на незаконито работење на судиите и судовите во Република Македонија го следи трендот од 2008 година.

Имено, во текот на 2009 година вкупно во работа имало 1657 претставки, од нив 194 се префрлени од претходната година. По сите претставки е постапено со тоа што се завршени 1467 претставки, а во работа останале 190 претставки.

| | | | |
|---|---|---|---|
| **1** | **ОС Берово** | **11** | **0,6%** |
| **2** | **ОС Битола** | **120** | **6,4%** |
| **3** | **ОС Велес** | **77** | **4,1%** |
| **4** | **ОС Виница** | **3** | **0,2%** |
| **5** | **ОС Гевгелија** | **60** | **3,2%** |
| **6** | **ОС Гостивар** | **65** | **3,5%** |
| **7** | **ОС Дебар** | **15** | **0,8%** |
| **8** | **ОС Делчево** | **24** | **1,3%** |
| **9** | **ОС Кавадарци** | **53** | **2,8%** |
| **10** | **ОС Кичево** | **66** | **3,5%** |
| **11** | **ОС Кочани** | **29** | **1,6%** |
| **12** | **ОС Кр. Паланка** | **30** | **1,6%** |
| **13** | **ОС Кратово** | **18** | **1,0%** |
| **14** | **ОС Крушево** | **4** | **0,2%** |
| **15** | **ОС Куманово** | **78** | **4,2%** |
| **16** | **ОС Неготино** | **18** | **1,0%** |
| **17** | **ОС Охрид** | **88** | **4,7%** |
| **18** | **ОС Прилеп** | **54** | **2,9%** |
| **19** | **ОС Радовиш** | **40** | **2,1%** |
| **20** | **ОС Ресен** | **11** | **0,6%** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **21** | **ОС Скопје 1** | **123** | **6,6%** |
| **22** | **ОС Скопје 2** | **341** | **18,3%** |
| **23** | **ОС Струга** | **30** | **1,6%** |
| **24** | **ОС Струмица** | **56** | **3,0%** |
| **25** | **ОС Св. Николе** | **13** | **0,7%** |
| **26** | **ОС Тетово** | **58** | **3,1%** |
| **27** | **ОС Штип** | **85** | **4,6%** |
| **28** | **АС Битола** | **49** | **2,6%** |
| **29** | **АС Гостивар** | **20** | **1,1%** |
| **30** | **АС Скопје** | **84** | **4,5%** |
| **31** | **АС Штип** | **40** | **2,1%** |
| **32** | **УС Скопје** | **34** | **1,8%** |
| **33** | **ВСРМ** | **67** | **3,6%** |
| | **Вкупно:** | **1864** | |




Како подносители на претставките се јавуваат физички лица, правни лица, група граѓани, здруженија на граѓани, сојузи, адвокати, државни органи, а исто така и претставки и поплаки од анонимни подносители. Ова не значи дека Судскиот совет не постапувал и по анонимните претставки, туку напротив ги испитуваше наводите и во тие претставки и преземеше дејствија по истите доколку оценеше дека се основани.

| 1. Физички лица | |
|---|---|
| Вкупно: | 1615 |

| 2. Правни лица | |
|---|---|
| АД | 49 |
| Доо | 36 |
| Дооел | 92 |
| ЈП | 8 |
| Други | 0 |
| Вкупно: | 185 |

| 3. Невладини организации и непрофитабилни здруженија на граѓани | |
|---|---|
| Вкупно: | 24 |

| 4. Државни институции (препратено на надлежност) | |
|---|---|
| Влада на РМ | 2 |
| Државна комисија за спречување на корупцијата | 22 |
| Јавно обвинителство | 22 |
| Министерство за правда | 297 |
| Народен правобранител | 12 |
| Собрание на РМ | 2 |
| Вкупно: | 357 |

| 5. Анонимни | |
|---|---|
| Вкупно: | 63 |



Основ за поднесување на претставките е одолжувањето на постапките, поради неажурност и неекономичност на постапката, незакажување расправа или претрес, ненавремено изготвување на одлуките, неизвршување правосилни судски одлуки и други одлуки кои имаат својство на извршни исправи, ненавремено доставување на обжалените одлуки до повисоките судови и слично.

Во случај кога од наводите во поднесените претставки од физички и правни лица произлегуваше дека Советот не е надлежен, на подносителите им беше одговорено дека не се најдени основи за постапување на Судскиот совет во рамките на неговите надлежности предвидени со Устав и закон, со поука кој е надлежен за евентуално постапување (Основно јавно обвинителство, Министерство за правда, Министерство за внатрешни работи, Јавно правобранителство и слично).

За поефикасно, квалитетно и ажурно следење на работата на судовите, согласно со член 12 од Деловникот за работа на Судскиот совет беше изготвен распоред за работа со кој се утврди кои членови на Советот за кои судови ќе ја следат работата, притоа водејќи сметка да не биде распореден член на Советот во судот од кој произлегува.

Имајќи ги во вид одредбите од Законот за постапување по претставки и предлози („Службен весник на РМ“ бр. 82/2008) и Правилникот за начинот на постапување по претставките и предлозите („Службен весник на РМ„ бр. 2/2009), по поднесените претставки од граѓаните и правните лица за работата на судиите и судовите, а согласно со надлежноста на Судскиот совет на Република Македонија постапуваат членовите на Судскиот совет на Република Македонија во соработка со државните советници во Советот.

Поради сериозноста на претставките членот на Судскиот совет определен за координатор за следење на работата на соодветниот суд доколку оцени дека наводите во претставките поднесени од граѓаните и правните лица за работата на судијата по конкретен предмет на соодветниот суд укажуваат на незаконитост во работењето на судијата, врши увид во предметот и по потреба се остваруваат работни средби во судот.

Претставките најчесто се повод од страна на членовите да се изврши увид во работата на судиите, со цел да се приберат податоци релевантни за оценка на стручноста и совесноста во постапувањето на судиите. Ова значи дека врз основа на наводите во претставките, од страна на Судскиот совет може да се иницира постапка за утврдување на стручноста и совесноста во вршењето на судиската функција на судиите.

Судскиот совет настојува ажурно да постапува по доставените претставки, но во извршувањето на работите од својот делокруг Судскиот совет е зависен од брзината на добивањето одговори од судовите и другите институции до кои се обраќа, а без кои не е можно решавање на претставката.

Меѓутоа и покрај недостатокот на логистика ,во смисла на голем број непополнети работни места во Советот, согласно со систематизацијата од редот на стручно-административните работници, Советот објективно, неселективно и ажурно постапуваше по претставките и предметите, како во однос на подносителот така и во однос на проблемот или лицата за кои тие се однесуваа, со што дава свој придонес за зајакнување на довербата на граѓаните во судството.

# ОЦЕНА ЗА СОРАБОТКАТА И ОДНОСИТЕ НА СУДОВИТЕ СО ДРУГИТЕ ПРАВОСУДНИ ОРГАНИ И ОРГАНИТЕ НА ЗАКОНОДАВНАТА И ИЗВРШНАТА ВЛАСТ

Во остварувањето на соработката и односите со судовите особено би требало да се истакне дека членовите на Судскиот совет како координатори на судовите остваруваа редовни работни посети на судовите, преку кои ги согледуваа состојбите во соодветниот суд и тековните проблеми и во рамките на своите надлежности потоа преземаат соодветни активности заедно со претседателите на судовите за нивно надминување.

Неспорна е соработката на Судскиот совет на Република Македонија со другите правосудни органи и органите на законодавната и извршната власт. Ваквата соработка произлегува од потребата на Судскиот совет да може непречено да ја врши својата функција предвидена во Законот за Судскиот совет на Република Македонија.

Како успешна се оценува соработката помеѓу Судскиот совет на Република Македонија и Јавното обвинителство, Министерството за внатрешни работи, Министерството за правда, Јавното правобранителство, Народниот правобранител, Државната комисија за спречување корупција, а во врска со доставените претставки од страна на граѓаните и правните лица за работата на судиите и судовите. Честопати се јавува потреба од прибавување информации од Министерство за внатрешни работи, Јавното правобранителство и Јавното обвинителство, заради постапување по одредена претставка, со цел за правилно одлучување по истата.

Судскиот совет на Република Македонија соработува со Академијата за обука на судии и обвинители којашто соработка произлегува од законските одредби во Законот за Академија за обука на судии и обвинители („Службен весник на Република Македонија“ бр.13 од 1.2.2006 година) претседателот на Судскиот совет на Република Македонија по функција е член на Управниот одбор на Академијата и во рамките на својата функција учествува во работата на Управниот одбор.

Соработката помеѓу овие две институции се состои и во тоа што Управниот одбор ја конституира Комисијата за квалификација и прием на кандидати која е составена од 7 члена, така што за 4 (четири) члена предлог дава Судскиот совет на Република Македонија. Согласно со предвидената почетна обука за кандидатите со времетраење од 15 месеци, во која обука е опфатена и практичната обука во суд, односно обвинителство под менторство на судии и обвинители во траење од десет месеци, Судскиот совет на Република Македонија определува ментори од редот на судиите по чии насоки и упатства работат кандидатите во текот на практичната обука за судии и јавни обвинители. Предвидено е и дека откако кандидатот посетувал почетна обука потребно е да полага и завршен испит, за што се формира Комисија за завршен испит составена од 7 член , која се конституира од страна на Управниот одбор на Академијата, од кои 4 члена се предлог на Судскиот совет на Република Македонија. Притоа Комисијата за завршен испит има обврска да ја достави ранг-листата до Управниот одбор на Академијата, а пак Управниот одбор има обврска истата да ја достави до Судскиот совет на Република Македонија. Од страна на Академијата веќе е доставена ранг -листата на втората генерација кандидати за судии и јавни обвинители кои ја завршија почетната обука во Академијата за обука на судии и јавни обвинители во академската 2008-2009 година, согласно со која треба да се изврши и избор на овие кандидати за судии и јавни обвинители.

Во делот на развојот на соработката со судовите и другите институции Судскиот совет особено води сметка за транспарентноста и јавноста при реализацијата на активностите од надлежност на Советот, како и градење на професионални кодекси во остварувањето на односите со јавноста, заштита на доверливите информации, а со тоа и угледот и достоинството на судиите.

Во делот на градењето и афирмацијата на транспарентност во работата на Судскиот совет на РМ, беа остварени следните активности:

Реновирање на салата за одржување седници на Судскиот совет и нејзино опремување со микрофони на секое гласачко места, како и со монитор на кој се објавуваат резултатите од гласањето, со што се овозможи јавно следење на резултатите од секое гласање од страна на членовите на Советот , а со тоа и на целата работа на седниците на Судскиот совет. На овој начин се овозможи јавните седници на Советот

непречено да ги следат и претставници на медиумите и други релевантни институции.

Подобрување на пристапот на граѓаните и јакнење на нивната довербата во Судскиот совет преку отворање web- страна на Судскиот совет http://www.ssrm.mk. Воедно, истата редовно се одржува и ажурира, особено во делот на објавување информација за денот и часот на седниците на Советот со Предлог - дневниот ред од седниците, соодветни соопштенија по повод донесените одлуки од страна на Судскиот совет во однос на извршените избори и разрешувања на судиите, како и објавување на правосилните одлуки донесени од страна на Советот за утврдена одговорност на судиите во вршење на судиската функција. Исто така се објавуваат и останати информации за активностите на Советот во однос на редовното работење и други прашања од интерес за судството, а се со цел за зголемување на угледот и достоинството на судската функција и зајакнување на довербата на граѓаните во судството и судската власт воопшто.

# ОЦЕНА ЗА РАБОТАТА НА СУДИИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ОДНОС НА КВАЛИТЕТОТ И АЖУРНОСТА ВО НИВНАТА РАБОТА КАКО И ДРУГИ ПРАШАЊА ВО ВРСКА СО ОСТВАРУВАЊЕТО НА НЕЗАВИСНОСТА И САМОСТОЈНОСТА НА СУДСТВОТО

Соглано со член 64 од Законот за Судскиот совет на Република Македонија, годишниот извештај содржи и оцени за работата на судиите во Република Македонија во однос на квалитетот и ажурноста на нивната работа, како и други прашања во врска со остварувањето на независноста и самостојноста на судството.

Постапувајќи согласно со Правилникот за постапката и критериумите за следење и оценување на работата на судиите усвоен на 7.2.2008 година, Судскиот Совет изготви единствен Образец за следење и оценување на работата на судијата заедно со Упатство за начинот на нивно пополнување усвоени на 26.08.2008 година. Првите обрасци беа пополнети од страна на 9 пилот- судови. Од анализата на првичните податоците се констатира дека околу 80% од судиите кои ги пополниле обрасците постигнуваат резултати согласно со критериумите за квалитетот и квантитетот во нивното работење.

Судскиот совет на РМ на 62-та седница, согласно со член 15 од Правилникот за постапката и критериумите за следење и оценување на работата на судиите, донесе Одлука за формирање Комисии за оценување на работата на судиите и претседателите на судовите за четирите апелациони подрачја, вклучително и за Управниот суд и Врховниот суд на Република Македонија, од редот на членовите на Советот. Од страна на формираните комисии, согласно со критериумите и мерилата утврдени во Правилникот за оценка на работата на судиите беа изготвени предлози за оценка на работата на судиите и претседателите на судовите. Во предлозите беа содржани податоци и информации за квалитативните, квантитативните критериуми и останати информации и податоци за работењето на судијата и претседателот на судот согласно со Правилникот, имајќи ги предвид и податоците од мислењата добиени од страна на Комисиите од секој суд поодделно.

Согласно со заклучоците од седница одржана на 7.5.2009 година членовите на Советот започнаа со годишно оценување на работата на судиите и на претседателите на судовите во Република Македонија за 2008 година. Оценувањето се вршеше по азбучен ред на апелационите подрачја. Од страна на Советот беше донесен Заклучок судиите и претседателите на судовите кои се избрани во втората половина на 2008 година да не се оценуваат, со оглед дека периодот за нивно прилагодување и оценување е краток .

Судскиот совет на РМ одлуките за оценка на работата на судиите и на претседателите на судовите ги носеше на неколку седници на Советот, одлучувајќи по предходно дадениот предлог од трочлената комисија на Советот, со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот. Судскиот совет исто така одлучуваше и по поднесени Барања за повторно оценување, поднесени од страна на 89 судии и 5 претседатели на судови.

Како резултат на спроведеното оценување, од страна на Советот се донесени одлуки за оценка на работата на 566 од вкупно број судии во Република Македонија за 2008 година, со следните резултати:

**Во Апелационото суд Битола и основните судови на подрачје на Апелациониот суд Битола** се оценети вкупно 104 судии, со следните оценки: во Апелациониот суд Битола 11 судии се оценети со оценка –многу добар, 5 судии со оценка - добар, во Основниот суд Битола - 15 судии се оценети со оценка - многу добар, 10 со оценка - добар и 1 со оценка - задоволителен, во Основниот суд Прилеп - 16 судии се оценети со оценка - многу добар, 4 судии со оценка - добар и 1 судија со оценка - задоволителен, во Основниот суд Охрид - 10 судии се оценети со оценка - многу добар, 3 судии со оценка - добар, 2 со оценка - задоволителен и 2 судија со оценка -незадоволителен, во Основен суд Струга - 3 судии со оценка - многу добар, 8 судии со оценка - добар и 5 судии со оценка - задоволителен, во Основен суд Крушево сите 4 судии имаат оценка - задоволителен и во Основниот суд Ресен - 2 судии се оценети со оценка - задоволителен и 2 судии со оценка - незадоволителен.

**Во Апелациониот суд Гостивар и сите основни судотови на подрачје на АС Гостивар** се оценети вкупно 75 судии и тоа во Апелациониот суд Гостивар сите 12 судии се оценети со оценка –

добар, потоа во Основен суд Гостивар 6 судии се оценети со оценка - многу добар, 10 судии - добар, 2 судии - задоволителен, 1 судија доби - негативна оценка, во Основен суд Кичево 1 судија е оценет со оценка - многу добар, 7 судии со оценка - добар, 5 судии со оценка - задоволителен и 1 судија доби - негативна оценка, во Основен суд Дебар 1 судија е оценет со оценка - добар, 4 судии со оценка - задоволителен и 1 судија со оценка - незадоволителен и во Основен суд Тетово 8 судии со оценка - многу добар, 2 судии со оценка - добар, 13 судии - задоволителен и 1 судија со оценка - незадоволителен.

**Во Апелационен суд Скопје и основните судови на подрачје на Апелационен суд Скопје** се оценети вкупно 272 судии и тоа во Апелациониот суд Скопје 31 судии оценети се со оценка - многу добар, 10 со оценка - добар, потоа во Основниот суд Скопје 1 Скопје 43 судии оценети се со оценка - многу добар, 9 со оценка - добар и 3 со оценка - задоволителен и 1 со оценка - незадоволителен, во Основниот суд Скопје 2 Скопје 22 судии оценети се со оценка – многу добар, 15 со оценка – добар, 30 со – задоволителен и 11 со оценка – незадоволителен, во Основен суд Велес 14 судии со оценка – многу добар, 3 судии со оценка – добар и 1 судија - незадоволителен, во Основен суд Гевгелија 6 судии со оценка - многу добар, 6 со оценка - добар, 4 судии со - задоволителен, во Основен суд Кавадарци 3 судии со оценка - многу добар, 11 со оценка - добар, 1 - незадоволителен, во Основен суд Кратово 2 - задоволителен и 2 - незадоволителен, во Основен суд Крива Паланка 7 со оценка - задоволителен и 1 - незадоволителен, во Основен суд Куманово 10 судии со оценка – многу добар, 11 – добар, 8 – задоволителен и 3 – незадоволителен, во Основен суд Неготино 2 судии со оценка - многу добар, 1 – добар и 1 - задоволителен.

**Во Апелациониот суд Штип и основните судови на подрачје на Апелациониот суд Штип** се оценети вкупно 95 судии со следните резултати: во Апелациниот суд Штип 11 судии оценети се со оценка – многу добар, 1 судија со оценка - добар, во Основниот суд Берово 1 судија е оценет со оценка - добар и 4 судии со оценка - задоволителен, во Основен суд Виница 1 судија со оценка - многу добар, 2 - задоволителен, во Основен суд Делчево 1 судија со оценка - добар и 4 - задоволителен, во Основен суд Кочани 4 судии со оценка - многу добар, 6 со оценка - добар, 1 - задоволителен, 1 - незадоволителен, во Основен суд Радовиш 4 судии се оценети со оценка - многу добар, 1 -

добар, 5 - задоволителен, во Основен суд Свети Николе 2 судии со оценка - многу добар, 1 - задоволителен, во Основен суд Струмица 9 судии со оценка - многу добар, 1 - добар, 11 - задоволителен, 1 - незадоволителен и во Основен суд Штип 2 судии со оценка - многу добар, 6 - добар, 8 – задоволителен и 7 - незадоволителен.

Исто така од страна на Советот беше спроведено и оценување на судиите во Управниот суд. Оценети се вкупно 20 судии и тоа со следните резултати: 14 судии се оценети со оценка – многу добар и 6 судии со оценка – добар.

Од резултатите добиени од спроведеното оценување на работата на судиите во РМ за 2008 година, произлезе дека вкупно се оценети 647 судии, од нив 248 судии се оценети со оценка многу добар или 43,82% што значи ги надминале квантитативните и квалитативните критериуми во работењето, 151 судии со оценка добар или 26.68 % што значи го исполниле квалитетот и квантитетот во нивното работење, 130 судии се оценети со оценка задоволителен или 22.97% поточно не ги исполниле квалитативните и квантитативните критериуми за 10% и 37 судии се оценети со оценка незадоволителен или 6.54 %. Имено 93,46 % од судиите се оценети со позитивна оценка или постигнале резултати согласно со критериумите за квалитетот, квантитетот во нивното работење и останатите мерила согласно Правилникот за оценка на работата на судијата, а само 6.54% се оценети со негативна оценка, односно не постигнале резултати во работењето согласно со критериумите утврдени со Правилникот за постапката и критериумите за следење и оценување на работата на судиите.

Од страна на Советот беше спроведено и оценување на претседателите на апелационите, основните судови во Република Македонија и Управниот суд Скопје. Оценети се вкупно 26 претседатели на судовите во Република Македонија .

Од резултатите добиени од спроведеното оценување на работата на претседателите на судовите во РМ за 2008 година, се утврди дека од вкупно оценети 26 претседатели на судови, 11 се оценети со оценка многу добар или 42,31 %, 10 се оценети со оценка добар или 38,46 %, 5 со оценка добар или 19,23 % и ниеден не е оценет со оценка незадоволителен.

Судскиот совет ја оцени работата на судиите за постигнатите резултати во работењето за 2008 година и на Врховниот суд на Република Македонија што покажа дека сите судии на овој суд постигнале резултати во работењето.

Судски совет, согласно со член 31 алинеја 5 и 13 од Законот за Судскиот совет на Република Македонија е надлежен да ја следи и оценува работата на судиите, како и да ги разгледува тромесечните и годишните извештаи за работата на судиите, а со тоа и работата на судовите.

Имено, во согласност со наведената законска одредба, Судскиот совет на Република Македонија изготви извештај за работата на Врховниот суд на РМ, Управниот суд, апелационите и основните судови во Република Македонија и тоа за прво, второ, трето и четврто тромесечје од 2009 година, како и извешти за цела 2009 година.

**Врховниот суд на РМ** во текот на 2009 година постапувал по вкупно 3.147 предмети од сите видови од својата надлежност, од нив стари преземени предмети од претходната година се 1.270 предмети, а новопримени се 1.877 предмети. Во текот на 2009 година вкупно се решени 2.168 предмет, а нерешени останале 978 предмети од сите основи. Во 2009 година заостатокот од 2008 година е намален за 292 предмети што значи дека **е совладан** годишниот прилив на предмети во судот.

**Во Управниот суд** во текот на 2009 година, оформени се 9.043 нови предмети по различни основи, така што имајќи ги предвид и 9.154-те нерешени предмети од минатата извештајна година, вкупно во работа во судот имало 18.197 предмет, од кои 7.857 се решени, а останале нерешени 10.340 предмети. Во однос на претходната година бројот на нерешени предмети е зголемен за 1.186 предмети што значи дека **не е совладан** годишниот прилив на предмети во судот.

# Апелационо подрачје Скопје

**Во Апелациониот суд Скопје** во 2009 година, од сите видови предмети во судот вкупно во работа  имало 23.366 предмети, од кои 2.742 предмети се пренесени како нерешени од претходната година и 20.622 предмет се новопримени. Од вкупниот број на предмети во работа судот решил 19.138 предмети, а останале нерешени 4.228 предмети, што е за 1.486 предмети повеќе во однос на предходната година, што значи дека **не е совладан** годишниот прилив на предмети во судот.

**Во Основниот суд Скопје I Скопје** во извештајната 2009 година судот во работа имал вкупно 148.199 предмети, од кои 62.117 предмети се пренесени како нерешени од претходната година и 86.082 предмети се новопримени, од вкупниот број во работа судот решил 93.376 предмети, а останале нерешени 54.823 предмети. Во 2009 година **совладан** е годишниот прилив на предмети, а заостатокот од 2008 година е намален за 7.294 предмети.

**Во Основниот суд Скопје 2 Скопје** во извештајната 2009 година судот во работа имал вкупно 669.812 предмети, од кои 515.924 предмети се пренесени како нерешени од претходната година и 153.888 предмети се новопримени, од вкупниот број во работа судот решил 100.535 предмети, а останале нерешени 569.277 предмети. Во 2009 година **не е совладан** годишниот прилив на предмети, а заостатокот од 2008 година е зголемен за 53.353 предмети.

**Во Основниот суд Велес** во 2009 година, имало вкупно 49.157 предмети, од кои 26.446 предмети се пренесени како нерешени од претходната година и 22.711 предмети се новопримени. Од вкупниот број на предмети во работа судот решил 30.063 предмети, а останале нерешени 19.094 предмет. Во 2009 година **совладан** е годишниот прилив на предмети, а заостатокот од 2008 година е намален за 7.352 предмети.

**Основниот суд Куманово** во извештајната 2009 година судот во работа имал вкупно 75.737 предмети, од кои 44.097 предмети се пренесени како нерешени од претходната година и 31.640 предмети се

новопримени, од вкупниот број во работа судот решил 32.980 предмети, а останале нерешени 42.757 предмети. Во 2009 година **совладан** е годишниот прилив на предмети, а заостатокот од 2008 година е намален за 1.340 предмети.

**Во Основниот суд Кавадарци** во 2009 година, во работа имал вкупно 12.306 предмети, од кои 3.193 предмети се пренесени како нерешени од претходната година и 10.976 предмети се новопримени. Од вкупниот број на предмети во работа судот решил 9.525 предмети, а останале нерешени 2.781 предмети. Во 2009 година **совладан** е годишниот прилив на предмети, а заостатокот од 2008 година е намален за 412 предмети.

**Основниот суд Неготино** во 2009 година во работа имал вкупно 20.250 предмети, од кои 13.557 предмети се пренесени како нерешени од претходната година и 6.694 предмети се новопримени. Од вкупниот број на предмети во работа судот решил 6.613 предмети, а останале нерешени 13.637 предмети. Во 2009 година **не е совладан** годишниот прилив на предмети, а заостатокот од 2008 година е зголемен за 80 предмети.

**Во Основниот суд Крива Паланка** во текот на 2009 година судот имал во работа вкупно 4.842 предмети, од кои 886 предмети се пренесени од претходната година, а 3.956 се новопримени предмети во текот на годината. Во однос на претходната 2008 година, кога обемот за работа изнесувал вкупно 5.613 предмети, во 2009 година обемот на работа е намален за 771 предмет. Од вкупно 4.842 предмети од сите видови, колку што биле во работа во текот на 2009 година, по сите основи се решени 4.076 предмети, а останале нерешени 766 предмети. Во 2009 година **совладан** е годишниот прилив на предмети, а заостатокот од 2008 година е намален за 120 предмети.

**Основниот суд Кратово** во извештајната 2009 година во работа имал вкупно 3.339 предмет, од кои 1.022 предмети се пренесени како нерешени од претходната година и 2.309 предмети се новопримени. Од вкупниот број во работа судот решил 2.921 предмети, а останале нерешени 418 предмети. Во 2009 година **совладан** е годишниот прилив на предмети, а заостатокот од 2008 година е намален за 604 предмети.

**Во Основниот суд Гевгелија** во 2009 година во работа имало вкупно 19.042 предмети, од кои 4.874 предмети се пренесени како нерешени од претходната година и 14.168 предмети се новопримени. Од вкупниот број во работа судот решил 16.793 предмет, а останале нерешени 2.249 предмети. Во 2009 година **совладан** е годишниот прилив на предмети, а заостатокот од 2008 година е намален за 2.625 предмети.

## Апелационо подрачје Битола

Во **Апелациониот суд Битола** на почетокот на 2009 година, пренесени се вкупно по сите видови од 2008 година 1.411 предмети, кои фактички во таа година останаа како нерешени предмети. Во 2009 година по сите видови на предмети ново примени се 10.203 предмети или вкупно во работа беа 11.614 предмет. Во 2009 година вкупно по сите видови решени се 9.414 предмети, а на крајот на годината останале нерешени 2.200 предмети. Во 2009 година **не е совладан** годишниот прилив на предмети, а заостатокот од 2008 година е зголемен за 651 предмети.

Во **Основен суд Битола** во 2009 година како нерешени од 2008 година пренесени се 32.779 предмети, ново примени биле 36.887 предмети или вкупно во работа 69.666 предмети од кои 37.404 се решиле, а останале нерешени 32.262 предмети. Во 2009 година **совладан** е приливот на новопримени предмети и намален е бројот на остатокот на предмети во споредба со 2008 и тоа за 517 предметите.

Во **Основен суд Прилеп** во 2009 година како нерешени од 2008 година пренесени се 46.843 предмети, ново примени биле 34.540 предмети или вкупно во работа 81.383 предмети од кои 39.322 се решиле, а останале нерешени 42.061 предмет. Во 2009 година **совладан** е приливот на новопримени предмети и намален е бројот на остатокот на предмети во споредба со 2008 и тоа за 4.782 предметите.

Во **Основен суд Охрид** во 2009 година како нерешени од 2008 година пренесени се 22.380 предмети, ново примени биле 19.049 предмети или вкупно во работа 42.325 предмети од кои 22.415 се решиле, а останале нерешени 19.910 предмети. Во 2009 година

**совладан** е приливот на новопримени предмети и намален е бројот на остатокот на предмети во споредба со 2008 и тоа за 2.470 предметите.

Во **Основен суд Струга** во 2009 година како нерешени од 2008 година пренесени се 9.917 предмети, ново примени биле 14.704 предмети или вкупно во работа 24.621 предмет од кои 13.955 се решиле, а останале нерешени 10.666 предмети. Во 2009 година **не е совладан** приливот на нови предмети и е зголемен бројот на остатокот на предмети во споредба со 2008 и тоа за 759 предметите, пред се заради постојаното отсуство на повеќе судии во текот на годината заради не избор на нови судии , болест и др.

Во **Основен суд Крушево** во 2009 година како нерешени од 2008 година пренесени се 3.045 предмети, ново примени биле 2.130 предмети или вкупно во работа 5.175 предмети од кои 2.194 се решиле, а останале нерешени 2.981 предмет. Во 2009 година **совладан** е приливот на нови предмети и намален е бројот на остатокот на предмети во споредба со 2008 и тоа за 64 предмети.

Во **Основен суд Ресен** во 2009 година како нерешени од 2008 година пренесени се 1.681 предмет, ново примени биле 3.769 предмети или вкупно во работа 5.450 предмети од кои 4.296 се решиле, а останале нерешени 1.154 предмети. Во 2009 година **совладан** е приливот на нови предмети и намален е бројот на остатокот на предмети во споредба со 2008 и тоа за 508 предметите.

## Апелационо подрачје Гостивар

**Апелационен суд Гостивар** во текот на извештајниот период во работа имало вкупно 5.863 предмети што претставува просек по 46,53 предмети по судија на ниво на месец. Во текот на 2009 година вкупно се примени 4.287 предмети, од нерешени предмет од претходната година се 1.576, што значи вкупно во работа имало 5.863 предмети од кои 4.244 предмети се решени, а нерешени останале 1.619 предмети. Во 2009 година **не е совладан** годишниот прилив на предмети, а заостатокот од 2008 година е зголемен за 43 предмети.

Во 2009 година, во **Основниот суд Гостивар** во работа имало вкупно 68.783 предмети од кои 36.300 предмети се пренесени како нерешени од претходниот извештаен период, а новопримени предмети во текот на 2009 година се 32.483 предмети. Од вкупниот број во работа судот решил 31.946 предмети додека останале нерешени 36.837 предмети. Во 2009 година **не е совладан** годишниот прилив на предмети, а заостатокот од 2008 година е зголемен за 537 предмети.

Во 2009 година, во **Основниот суд Тетово** во работа имало вкупно 97.475 предмети од кои 54.228 предмети се пренесени како нерешени од претходната 2008 година и 43.247 предмети се новопримени, од кои во извештајниот период решени се 50.675 предмети, а останале нерешени 46.800 предмети. Во текот на извештајниот период **совладан** е приливот на новопримените предмети.

Во 2009 година **Основниот суд Кичево** на работа имал вкупно 17.744 предмети од кои како нерешени од претходниот извештаен период пренесени се 2.217 предмети додека новопримени се 15.527 предмети, од кои во текот на извештајниот период вкупно се решени 15.065 предмети, додека останале нерешени 2.679 предмети. Во 2009 година **не е совладан** годишниот прилив на предмети, а заостатокот од 2008 година е зголемен за 462 предмети.

Во текот на 2009 година **Основниот суд Дебар** имал вкупно во работа 8.201 предмети, и тоа пренесени како нерешени од претходната 2008 година 2.473 предмети како и новопримени 5.728 предмети од кои решени се 6.265 предмети, а останале нерешени 1.936 предмети. Во 2009 година е **совладан** годишниот прилив на предмети, а заостатокот од 2008 година е намален за 537 предмети.

## Апелационо подрачје Штип

**Апелациониот суд Штип** во извештајниот период вкупно предмети во работа имал 8.482, од кои ново примени предмети се 7.905 предмети, а како нерешени од претходната година се 457 предмети. Од вкупниот број предмети во работа во текот на 2008 година се решени

7.737 предмети, а нерешени останале 745 предмети, со што е **совладан** заостатокот на предмети.

**Во Основниот суд Штип** на почетокот на 2009 година нерешени од 2008 година имало 10.149 предмети. Во 2009 година примени се 18.559 предмети и вкупно во работа имало 28.708 предмети. Во 2009 година решени се 17.547 предмети, а нерешени останале 11.161 предмети. Во однос на претходната 2008 година заостатокот е зголемен за 1.012 предмети или за 9,97 %, што значи дека **не е совладан** годишниот прилив на предмети. Од вкупно решени 17547 предмети обжалени се 1.415 или 8 %.

**Во Основниот суд Берово** на почетокот на 2009 година нерешени од 2.008 година имало 1.015 предмети. Во 2009 година примени се 4.769 предмети и вкупно во работа имало 5.784 предмети. Во 2009 година решени се 5.170 предмети, а нерешени останале 614 предмети. Во однос на претходната 2008 година заостатокот е намален за 401 предмети или за 39,5 %, што значи дека **е совладан** годишниот прилив на предмети. Од вкупно решени 5.170 предмети обжалени се 160 или 3,1 %.

**Во Основниот суд Виница**, на почетокот на 2009 година нерешени од 2008 година имало 675 предмети. Во 2009 година примени се 3.657 предмети и вкупно во работа имало 4.332 предмети. Во 2009 година решени се 3.863 предмети, а нерешени останале 469 предмети. Во однос на претходната 2008 година заостатокот е намален за 206 предмети или за 30,52 %, што значи дека **е совладан** годишниот прилив на предмети. Од вкупно решени 3.863 предмети обжалени се 329 или 8,6 %.

**Во Основниот суд Делчево** на почетокот на 2009 година нерешени од 2008 година имало 755 предмети. Во 2009 година примени се 1.422 предмети и вкупно во работа имало 2.177 предмети. Во 2009 година решени се 1.548 предмети, а нерешени останале 629 предмети. Во однос на претходната 2008 година заостатокот е намален за 126 предмети или за 16,7 %, што значи дека **е совладан** годишниот прилив на предмети. Од вкупно решени 1.782 предмети обжалени се 198 или 11,1 %.

**Во Основниот суд во Струмица** на почетокот од 2009 година биле евидентирани како нерешени вкупно 10.089 предмети. Во текот на 2009 година се новопримени 25.722 предмети, односно вкупно во работа имало 35.811 предмети. Решени се 26.870 предмети, а останале нерешени 8.941 предмет. Во однос на претходната 2008 година, заостатокот е намален за 1.148 предмети, или за 11,38%, што значи дека **е совладан** годишниот прилив на предмети. Од вкупно решени 26.870 предмети обжалени се 1.128 или 4,2 %.

**Во Основниот суд Кочани** на почетокот на 2009 година нерешени од 2008 година имало 11.360 предмети. Во 2009 година примени се 12.118 предмети и вкупно во работа имало 23.478 предмети. Во 2009 година решени се 12.838 предмети, а нерешени останале 10.640 предмети. Во однос на претходната 2008 година заостатокот е намален за 720 предмети или за 6,3%, што значи дека **е совладан** годишниот прилив на предмети. Од вкупно решени 12.838 предмети обжалени се 695 или 5,4 %.

**Во Основниот суд Радовиш** на почетокот на 2009 година нерешени од 2008 година имало 3.570 предмети. Во 2009 година примени се 7.066 предмети и вкупно во работа имало 10.636 предмети. Во 2009 година решени се 8.247 предмети, а нерешени останале 2.389 предмети. Во однос на претходната 2008 година заостатокот е намален за 1.181 предмети или за 33.08%, што значи дека **е совладан** годишниот прилив на предмети. Од вкупно решени 8.247 предмети обжалени се 565 или 6.85 %.

**Во Основниот суд Свети Николе** на почетокот на 2009 година нерешени од 2008 година имало 1.283 предмети. Во 2009 година примени се 4.151 предмети и вкупно во работа имало 5.434 предмети. Во 2009 година решени се 3.974 предмети, а нерешени останале 1.487 предмети. Во однос на претходната 2008 година заостатокот е зголемен за 204 предмети или за 15,9 %, што значи дека **не е совладан** годишниот прилив на предмети. Од вкупно решени 4.286 предмети обжалени се 356 или 8,31 %.

# ОЦЕНА ЗА СОСТОЈБАТА ВО СУДСТВОТО ЗА ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА И ОСНОВНИТЕ СЛОБОДИ

Република Македонија со стапување во полноправно членство во Советот на Европа има статутарна обврска да обезбеди остварување на владеење на правото и гарантирање на човековите права и слободи, која обврска е поврзана и со спроведување реформа по однос на домашното законодавство чија главна карактеристика е приближување на законодавството во Република Македонија со законодавството на Европската унија.

Заради реализација на овие активности Советот, посебно се залагаше за развој на меѓународната и регионалната соработка преку студиските посети на претседателот и членовите на Судскиот совет на РМ, заради воспоставување директна соработка и размена на искуства и компаративни согледувања со Судските совети во други држави, се со цел за остварување на европските стандарди во остварување на надлежноста, самостојноста и независноста на судскиот ситем.

Во делот на воспоставување и јакнење на меѓународната и регионална соработка на Судскиот совет на РМ, во текот на 2009 година оствари повеќе средби и акативности од кои позначајни се :

За прв пат делегација на Судскиот совет на Р.Македонија на чело со претседателот г.Васил Грчев учествуваше на седмото Генералното собрание на Европската мрежа на Судски совети, кое се одржа во Букурешт Р. Романија. Учеството на Судскиот совет на РМ на Собранието претставува значаен чекор за меѓународна афирмација. Особено значајно е тоа што на Собранието присуствуваа претставници од националните судски совети на голем број европски држави, кои имаат статус на членки (земјите членки на Европската унија) и статус на посматрачи (земјите кандидати за членство во Европската унија) во Европската асоцијација на судски совети. Воедно, на Сесијата што се одржана на 28.5.2009 година, едногласно беше донесена одлука од страна на присутните членови, Судскиот совет на Република Македонија да се стекна со статус на посматрач во Европската мрежа на судски совети, како земја кандидат за членство во Европската унија. Одлуката беше донесена врз основа на претходно поднесена апликација од страна на Судскиот совет на РМ која согласно со

Статутот на Асоцијацијата беше одобрена од страна на Генералното собрание на Асоцијацијата. Притоа од страна на Генералното собрание е констатирано дека согласно организацијата, надлежноста и структурата, Судскиот совет на РМ ги исполнува сите европски стандарди и критериуми за пристапување кон Асоцијацијата. Со тоа Судскиот совет на РМ стана дел од интернационалната Асоцијација на судски совети во Европа, со седиште во Брисел, со што се стекна со можност за активно учество и свој придонес во меѓуинституционалната соработка во делот на слободата, безбедноста и правосудството во Европската унија.

Воедно со пристапување во Европската мрежа на судски совети, Судскиот совет на РМ стана и рамноправен член и учесник во работните групи на Асоцијацијата, кои одржуваат редовни состаноци на одредени теми од разни области на судството.

Во тие рамки исто така за прв пат Судскиот совет учествуваше на состанок на една од работните групи на Европската мрежа на судски совети - "Статусот на судиите" , кој се одржа во седиштето на Судскиот совет на Република Италија – Рим во периодот од 12-13.11.2009 година, на тема „Статусот и независноста на судиите согласно со националните законодавства„.

Делегација на Судскиот совет зеде учество на Годишното собрание на Регионалната мрежа на судски совети, кое се одржа во Црна Гора, како продолжение на учеството на Судскиот совет на РМ на Годишните собранија на Регионалната мрежа на судски совети.

На овие средбата беа остварени значајни средби со претставници на судските совети на други европски земји учеснички и беше разменето драгоцено искуство во делот на независноста на судството и судските реформи, заштитата на човековите права и основните слободи, односите помеѓу судската и извршната власт, улогата и структурата на судските совети во другите држави. Воедно се создаде можност за потесна соработка со сите релевентни тела и институции на овие Асоцијација заради заемна размена на искуства и справување со предизвиците со кои се соочуваме како институции. Судскиот совет на РМ е подготвен да земе активно учество и да даде свој придонес во многу идни активности ,особено во делот на размена на искуства и дирекна соработка на теми за изборот и унапредувањето на судиите,

постапката и  начинот на следењето и оценувањето на работата на судиите, критериумите и методологијата на оценување, дисциплинската одговорност на судиите, зајакнувањето на капацитетите на судската администрација, финансирањето и менаџирањето во судството и многу други теми на интерес.

Заради спроведување на реформите во правосудството, а се со цел за инкорпорирање на европското законодавство во нашиот правен систем ,во текот на извештајната година претседателот на Судскиот совет  оствари голем број средби со претставници на меѓународната заедница.

Судската независност е услов за владеење на правото и гарант за остварување на правата и слободите на граѓаните. Само независно судство може да даде сигурност дека извршната власт ќе биде одговорна за своите дејствија, а во однос на законодавната власт дека донесените закони ќе се спроведуваат.

Судскиот совет на Република Македонија е самостоен и независен орган на судството кој ја обезбедува и гарантира самостојноста и независноста на судската власт, преку остварување на своите функции согласно со Уставот и законите. Тој будно ги следи состојбите во судството во однос на непристрасно применување на правото, заштитата, почитувањето и унапредувањето на човековите права и слободи, обезбедувањето  еднаквост, рамноправност, недискриминација по кој било основ и обезбедување правна сигурност врз основа на владеење на правото, што е цел на судската власт.

**СУДСКИ СОВЕТ НА**
**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател,**
**Васил Грчев**